РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2620/6
03-05-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на ден 21.04.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2620/1 од 06.08.2020 година, оформен по доставена пријава на познат подносител, **СЕ ЗАПИРА**.

По извршените проверки на наводите и обезбедени докази за надлежно постапување од други органи, ДКСК утврди дека наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-2620/1 од 06.08.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, ///// од ///, поднесена е пријава заведена под број 12-2620/1 од 06.08.2020 година со наводи за сомнеж за постоење на корумптивни активности од страна на службени лица при приватизација на парцела спроведена во 2019 година која е во сопственост на државата, а според важечкиот ДУП била предвидена за улица. Во постапката за приватизација, сегашните сопственици на парцелата прикажале документ на кој постои физички објект, а по фактичката состојба таков објект не постои (според наводите на подносителот на пријавата). Се бара од ДКСК да изврши увид во постапката за приватизација поради фактот што осум други соседни парцели немаат излез со кола од куќите и за таа цел ја користат парцелата која е сопственост на подносителите на оваа пријава.

За утврдување на фактичката состојба ДКСК упати барања за надлежно постапување до Државен управен инспекторат и Државно правобранителство и врз основа на добиените информации известување, ДКСК ја утврди следнава фактичка состојба:

Од страна на Државен управен инспекторат доставен е извештај за извршен вонреден инспекциски надзор над спроведената постапка за приватизација извршена од страна на Управа за имотно правно работи – п.е. Прилеп. По донесеното решение и платен надомест, решението е доставено до Државниот правобранител, а по

правосилноста на решението истото е спроведено во Агенцијата за катастар на недвижности. Неправилности не се утврдени.

Од страна на Државниот правобранител п.е. Прилеп добиено е известување за постапувањето по конкретниот предмет: од страна на Министерство за финансии-Управа за имотно правни работи – п.е. Прилеп доставени се списи по барање за приватизација од барателите ///// и ////////, како и Решение број 25-653/5 од 27.09.2019 донесено од Управа за имотно правни работи – п.е. Прилеп по што во правобранителството е оформен предмет. ДП проценило дека нема основ за поднесување на жалба поради правилно водена постапка. Имено, Подносителите на барањето за приватизација на градежното земјиште на КП бр. 10761/2 за КО Прилеп го стекнале врз основа на договор за распределба на имот за време на живот од 1972 и договор за подарок на недвижен имот од 1992 година заверени во Општински суд Прилеп. Како прилог кон списите бил приложен и записник од увид на лице место од страна на лице-геометар кој утврдил дека согласно Извод од план бр. 10-1294/2 од 30.07.2019 година, парцелата влегува под регулација на улица, но на лице место не е реализирана, и дека предметната парцела претставува дворно место а објектот запишан како земјиште под зграда – 1 не постои. Од уверението за историски преглед на извршени запишувања за КП. Бр 10671/2 за КО Прилеп со бр. 1107-692/2019 од 12.08.2019 година издадено од АКН, се гледа дека барателите се поранешни сопственици, односно правниот претходник на барателите се стекнал со сопственост врз основа на купопродажен договор ОВ-4063/56. Исто така согласно одредбите од член 6 став 2 од законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост предвидено е *„Предмет на приватизација може да биде градежно земјиште на кое право на користење имаат лицата кои се поранешни сопственици на градежно земјиште и физичките и прави лица кои за стекнатото право на користење на градежното земјиште платиле надоместок, а кое со важечките акти за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежна парцела е наменето за добро во општа употреба, а намената во моментот на одлучување по поднесеното барање за приватизација не е реализирана"*. Како доказ за овие состојби од страна на Државното правобранителство доставени се: решенија, договори, изјави, уверенија, изводи од катастарски план, записник, имотен лист.

Имајќи во предвид дека други надлежните органи постапиле и не утврдиле неправилности во постапката на приватизација на конкретната градежна парцела, ДКСК утврди дека наводите не се потврдени и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**